Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија” бр.27/14, 199/14 и 27/16), Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија, на седницата одржана на 09.03.2018 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија бр.02-586/3 од 04.04.2016 година, во Глава II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ И ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТНИЦИ, во член 8 во став (1) алинејата 5 се менува и гласи :

„ – активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)“.

### Член 2

Во член 9 во став (1) алинејата 4 се менува и гласи :

„ – активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)“.

### Член 3

Во член 10 во став (1) алинејата 4 се менува и гласи :

„ – активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)“.

### Член 4

Во Глава III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во дел А. Сектори и одделенија, во Сектор за комуникација, меѓународна соработка и стручно-техничка поддршка, во работно место под Реден број 1 Раководител на Сектор за комуникација, меѓународна соработка и стручно-техничка поддршка, во делот Вид на образование, по зборовите „Правни науки“ се додаваат зборовите „или Економски науки“, а во делот Посебни услови, зборовите „Поседување на Сертификат за систем на управување со квалитет ISO 9001“ се бришат.

### Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла и на интернет страницата на Агенцијата за вработување на Република Македонија, а ќе се објави по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и од Владата на Република Македонија.

Бр.02-825
09.03.2018 година

Претседател на
Управен одбор
Миланчо Успрцов

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ